Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), членовите 6-11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности(„Службен весник на РМ" број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15), Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2023 година („Службен гласник на ОА" број 19/22), Програмата за доделување спонзорства и донации во Општина Аеродром за 2023 година(„Службен гласник на Општина Аеродром" број 19/22), член 24 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на ОА број 20/2012, 21/2014, 23/2014, 04/19, 01/21) и Барање број 26-189/1 од 11.01.2023 година, Советот на Општина Аеродром на својата 23-та седница, одржана на 23.01.2023 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за доделување спонзорство на Кошаркарскиот клуб МЗТ Скопје Аеродром АД за 2023 година

### Член 1

Со оваа Одлука се доделува спонзорство на Кошаркарскиот клуб МЗТ Скопје Аеродром АД за 2023 година, во износ од 24.000.000,00 денари (дваесетичетиримилиони) денари.

### Член 2

За реализирање на спонзорството ќе се склучи Договор помеѓу Општина Аеродром и Кошаркарскиот клуб МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ АД, во кој ќе бидат прецизирани правата и обврските на двете договорни страни. Склучениот Договор ќе се применува по добиено позитивно мислење за потврда на јавниот интерес од страна на Министерството за правда.

Средствата за оваа намена ќе се издвојат од Буџетот на ОА, Програма Л0- спорт и рекреација, потставка 463120 – трансфери до спортски клубови.

### Член 3

Се задолжува Секторот за финансии по создавање на законски предвидените услови, да ја изврши оваа одлука.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Аеродром".

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Дејан Митески

Совет на Општина Аеродром
Бр. 09-19/2
24-01-2023 год.
СКОПЈЕ